РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1206/1
13-03-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-та седница одржана на ден 10.03.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот со број 12-1624/1 од 27.05.2025 година, оформен по пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во постапка за вработување на неопределено време во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, врз основа на Јавен оглас со бр.-------/2025-01, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што во предетниот случај постапил  друг надлежен орган и не констатирал неправилности во постапката за вработување.

Предметот со број 12-1624/1 од 27.05.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата постапува по предмет, оформен по пријава поднесена од познат подносител со број 12-1624/1 од 27.05.2025 година, во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во постапка за вработување во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, на кандидат на неопределено време на работното место Помлад соработник  за ---------- --------------- врз основа на Јавен оглас со бр.-----/2025-01.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК достави барање до Државниот управен инспекторат, од каде побара да се изврши вонреден инспекциски надзор врз постапката за вработување во Министерството за енергетика, рударство и

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

суровини и за извршениот надзор да се достави копија од записникот за констатираните состојби и информација за преземените дејствија.

Државниот управен инспекторат постапил по барањето и до ДКСК доставено е Известување со прилог Записник за извршен инспекциски надзор. ДКСК изврши увид во Записникот за извршен инспекциски надзор со бр.ИП1број ------- од 18.06.2025 година, во кој се констатира следната фактичка состојба:
Постапувајќи по примена иницијатива преку службениот е-маил, поднесена од страна на -------------- --------------, со барање за ивршење на инспекциски надзор во Агенцијата за администрација во врска со сомневање за постоење на неправилности при спроведување на постапка за вработување на кандидат на работното место Помлад соработник за ------------- --------------- во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, врз основа на Јавен оглас со бр.------/2025-01, Државниот управен инспекторат, извршил инспекциски надзор во Агенција за администрација.
Од непосредниот увид во документацијата на предметот оформен по Јавниот оглас број ----/2025 за вработување на еден административен службеник на работното место Помлад соработник за ------------- ---------------- во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, управниот инспектор констатирал дека била спроведена првата фаза за селекција од страна на Комисијата за селекција и бил составен Записник од извршена административна селекција за административен службеник со бр.--------- од 22.04.2025 година. Потоа, била спроведена втората фаза од постапката за селекција - испит за административен службеник, за кое што бил составен Записник од спроведениот испит за административен службеник со бр.---------- од 12.05.2025 година. Воедно, инспекторот утврдил дека била спроведена и третата фаза - проверка на веродостојност на докази и интервју од страна на Комисијата и бил составен Записник од спроведената проверка на веродостојноста на докази и интервју за административен службеник со бр.-------од 14.05.2025 година.
Од страна на Комисијата за селекција, била изготвена Конечната ранг-листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлогот за вработување на кандидати по Јавен Оглас -----/2025 и истите со допис со бр.---------- од 14.05.2025 година, се доставени до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.
Од страна на државниот секретар во Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, била донесена Одлука за избор на кандидат за вработување на неопределено време со бр.------------ од 21.05.2025 година. Истата е објавена на веб-страната на Агенцијата за администрација на ден 22.05.2025 година.

Против оваа Одлука не била поднесена жалба или приговор до Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен при Агенцијата за администрација, која ја цени законитоста на спроведената постапка за селекција.

Државниот управен инспекторат, со оглед на така утврдената фактичка состојба при извршениот надзор, не утврдил недостадоци во предметната постапка за вработување, за кои би можел да изрече инспекциска мерка спрема контролираниот субјект, по што ја запрел инспекциската постапка согласно член 83 став 5 од Законот за инспекциски надзор.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК оцени дека во предметниот случај постапил друг надлежен орган кој извршил инспекциски надзор при кој не утврдил недостатоци во предметната постапка за вработување, по што оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата